| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 141.965.949 | 95.114.654 | 4.840.000 | 2.325.983 | 65.455.859 | 63.961.931 | 2.049.185 | 2.020.598 | 0 | 0 | 214.310.993 | 163.423.166 |
| | План | Релиз. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 300.000 | 156.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 156.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **300.000** | **156.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.000** | **156.000** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 156.000 | 156.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 156.000 | 156.000 |
| 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 156.000 | 156.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 156.000 | 156.000 |
| 464 Разни трансфери | 144.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 144.000 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 144.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 144.000 | 0 |

Број 08 – 175/3
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај на Општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај на Општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/2
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на општина Демир Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај на Општина Демир Капија за 2024 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија го усвои Годишниот извештај на Општина Демир Капија за 2024 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/4
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2024 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/3
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Демир Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за четвртиот квартал 2024 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за четвртиот квартален период 2024 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/5
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/4 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 28.02.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува *Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија* со тех.бр.245/24 од јануари 2025 изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 И 7/25).

**Член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Демир Капија. Границата на проектниот опфат е дефинирана со регулациона линија и граници на градежни парцели. Површината на проектниот опфат изнесува 5,1938 ха.

Со овој урбанистички проект се прави препарцелација, односно утврдување на нова парцелација на ГП бр.1.1 и ГП бр.1.2, односно формирање на две нови градежни парцели и позиција на градби, а во согласност со законската регулатива и одредбите дадени со планот од повисоко ниво, чии максимални вкупни параметри се почитуваат во целост.

**Член 3**

Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.245/24 од јануари 2025 изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, се состои од текстуален и графички дел со следнава содржина:

1.Општ дел
- Општ дел
- Потврда за регистрирана дејност
- Лиценца за изработување на урбанистички планови
- Решение за назначување на планери
- Овластувања за изработување на урбанистички планови на назначените планери

2.План за парцелација
-Опис и образложение на парцелација
-Графички дел – план за парцелација

I. ПЛАНСКИ ДЕЛ
Текстуален дел
- Воведен дел
1. Проектна програма
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура

и инфраструктура во рамки на проектниот опфат
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби
3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно
3.2 Внатрешни сообраќајници, и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места
3.3 Партерно решение со хортикултура
3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите
4. Опис и образложение на препарцелацијата
5. Детални услови за проектирање и градење
6. Мерки за заштита
6.1 Мерки за заштита на животната средина
6.2 Мерки за заштита и спасување
6.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност
6.4 Мерки за заштита на културното наследство
Прилози кон текстуален дел
1. Полномошно од нарачателот
2. Имотни листови за земјиштето
3. Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
4. Податоци и информации од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни услуги
Графички дел
1. Извод од планско решение – Површини за градење
5. Урбанистичко решение – Приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура
6. Урбанистичко решение – Синтезен план
II. ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА
1. Опис и образложение на парцелацијата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта

Прилози:

- Проектна програма за Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.245/24 од јули 2024 изработена од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје;
- Позитивно мислење бр.10-18/10 од 22.07.2024 од комисија за урбанизам на Општина Демир Капија за проектна програма;
- Полномошно од нарачателот ДПП ВИНАРСКА ВИЗБА – ПОПОВА КУЛА – АД ДЕМИР КАПИЈА, преку извршен директор Јордан Трајков, заверено на нотар под бр.УЗП 2669/2024 од 14.06.2024;
- Извод бр.31 за ГП 1.2 од ДУП – Измена и дополнување на ДУП за дел од ДУП Попова Кула, КО Демир Капија, Општина Демир Капија со арх.бр.10-64/2 од 15.07.2024 издаден од Општина Демир Капија;
- Извод бр.32 за ГП 1.1 од ДУП – Измена и дополнување на ДУП за дел од ДУП Попова Кула, КО Демир Капија, Општина Демир Капија со арх.бр.10-65/2 од 15.07.2024 издаден од Општина Демир Капија;
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога, со дел.бр.08-128/3 од 20.06.2024, изработен од Гео ТОПОКАТ ДОО – подружница Неготино со известување за електронска заверка 1110-29/2024 од 20.06.2024 од Агенција за катастар на недвижности, Одделение за катастар на недвижности Неготино;
- Имотен лист бр.1871 издаден под бр.1105-2281/2024 од 23.05.2024;
- Имотен лист бр.1557 издаден под бр.1105-375/2025 од 24.01.2025;
- Имотен лист бр.1732 издаден под бр.1105-2282/2024 од 23.05.2024;
- Имотен лист бр.1733 издаден под бр.1105-2283/2024 од 23.05.2024;
- Имотен лист бр.1734 издаден под бр.1105-373/2025 од 24.01.2025;
- Имотен лист бр.1777 издаден под бр.1105-2286/2024 од 23.05.2024;
- Податоци и информации од Општина Демир Капија со бр.10-18/6 од 26.06.2024;
- Извод бр.21 за цел опфат од ДУП – Измена и дополнување на ДУП за дел од ДУП Попова Кула, КО Демир Капија, Општина Демир Капија со арх.бр.10-

41/2 од 26.06.2023 издаден од Општина Демир Капија;

- Податоци и информации од Министерство за култура – Управа за заштита на културното наследство со бр.17-2346/2 од 05.07.2024;
- Податоци и информации од Јавно претпријатие за државни патишта со бр.10-7131/2 од 10.07.2024;
- Податоци и информации од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со арх.бр.10-23/4-400 од 05.07.2024;
- Податоци и информации од МЕПСО со арх.бр.11-4407/1 од 02.07.2024;
- Податоци и информации од Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ – Скопје со арх.бр.2001-2942/2 од 16.07.2024;
- Податоци и информации од Дирекција за заштита и спасување Подрачно одделение за заштита и спасување – Неготино со арх.бр.09/3-79/2 од 01.07.2024;
- Мислење од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со арх.бр.11-5949/1 од 09.10.2024;
- Мислење од Јавно претпријатие за државни патишта со бр.10-10860/2 од 15.10.2024;
- Мислење од Македонски телеком – АД Скопје со арх.бр.65370 од 08.10.2024;
- Мислење од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со арх.бр.10-23/4-528 од 16.10.2024;
- Податоци и информации од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство со арх.бр.17-2346/4 од 22.10.2024;
- Мислење од Јавно претпријатие за комунални работи Бошава Демир Капија со бр.УПI09-1 од 15.01.2025;
- Мислење од Општина Демир Капија со арх.бр.10-1/4 од 17.01.2025;
- Електронски запис од Агенција за катастар на недвижности – графички регистар за градежно земјиште, извршен на ден 16.01.2025;
- Мислење за утврдена состојба од Агенција за катастар на недвижности со бр.0932-201/2 од 22.01.2025;
- Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.245/24 од јануари 2025 изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје;
- Извештај за извршена стручна ревизија за урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.505/24 од јануари 2025;

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.245/24 од јануари 2025 изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје;
- Извештај за извршена стручна ревизија за урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.505/24 од јануари 2025;
- Решение со број 09-358/1 од 11.05.2021 година, за формирање на Комисија за урбанизам од Градоначалникот на Општина Демир Капија;
- Годишна програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2025 год. бр.08-778/12 од 24.12.2024;
- Записник бр.10-1/6 од 30.01.2025 за Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички

план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија;

- Извештај од стручно мислење од комисија за урбанизам бр. 10-1/7 од 30.01.2025 за Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија;

**Член 5**

Одлуката за потврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.245/24 од јануари 2025 изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, задолжително се објавува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам. По донесување и објавување на оваа одлука Урбанистичкиот проект со план за парцелација станува составен дел на електронски регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам. Пристап до електронскиот регистар имаат донесувачот на планот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 6**

Електронска форма од Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.245/24 од јануари 2025 изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје се објавува на веб-страницата на Општината.

**Член 7**

Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од десет (10) работни дена од приемот на известувањето за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП “Попова Кула” КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.245/24 од јануари 2025 изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам да изврши дигитално преклопување на планот.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 175/6
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Народна кујна за лица со социјални проблеми" во Демир Капија**

Се објавува Одлука за сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Народна кујна за лица со социјални проблеми" во Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/5
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За сопствено учество на Општина Демир Капија во реализација на проектот "Народна кујна за лица со социјални проблеми" во Демир Капија**

**Член 1**

Општина Демир Капија учествува со сопствени финансиски средства во реализација на проектот "Народна кујна за лица со социјални проблеми во Демир Капија.

**Член 2**

Општината е согласна да финансира средства во висина од **61.500,00** денари, кои ќе бидат наменски искористени за набавка, подготовка и дистрибуција на храна (по еден топол оброк или пакет оброк за викенд и празници) за корисник на гарантирана минимална помош Енвер Алимов од с.Бистренци, се работи за семејство и членовите на семејството (вкупно 7 корисници).

**Член 3**

Општината ќе одобрува средства до ЈОУДГ Борис Трајковски Демир Капија по приложена документација за реално приготвени оброци од страна на давателот на услуга во периодот од 01.03.2025 година до 30.06.2025 година. Цена на чинење на еден топол или пакет оброк не повеќе од 72,00 денари.

**Член 4**

Примерок од Одлуката да се достави до ЈУМЦСР Неготино и ЈОУДГ Борис Трајковски Демир Капија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/7
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/6
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
За отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Демир Капија

**Член 1**

Со оваа одлука се врши отпис на застарени обврски кои Општина Демир Капија ги имала спрема други правни лица и се евидентирани во Буџетот на Општина Демир Капија.

**Член 2**

Се врши отпис на застарени обврски во вкупен износ од **424.031,00** денари утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа одлука.

Отписот на застарените обврски се врши согласно Извештајот за извршениот годишен попис на паричните средства, побарувањата и обврските во Општина Демир Капија, изготвен од Комисијата за вршење на годишен попис на паричните средства, побарувања и обврските за 2024 година формирана од Градоначалникот.

**Член 3**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на паричните обврски евидентирани во Буџетот на Општина Демир Капија и истата ќе ја спроведе Секторот за финансиски прашања.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 175/8
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за формирање на заедничка комисија помеѓу општините од Повардарскиот регион**

Се објавува Одлука за формирање на заедничка комисија помеѓу општините од Повардарскиот регион, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/7 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а согласно член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 и "Службен весник на РСМ" бр.241/24), Советот на Општина Демир Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за формирање на заедничка комисија помеѓу општините од Повардарскиот регион**

**Член 1**

Се формира заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион.

**Член 2**

Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка:

-ќе изготви предлог за воспоставување на МОС;

-ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува МОС.

Заедничката комисија ги доставува предлог актите до Советите на општините: Демир Капија, Кавадарци, Гевгелија, Неготино, Велес, Градско, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци, кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка, во рок од 7 дена.

**Член 3**

Заедничката комисија е составена од 12 членови, од кои по 1 (еден) член од секоја од општините: Демир Капија, Кавадарци, Гевгелија, Неготино, Велес, Градско, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци, кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на Комисијата.

Во работата на Комисијата може да учествуваат и стручни лица од областа во која се воспоставува меѓуопштинската соработка.

**Член 4**

Комисијата од член 1 на оваа одлука, предлозите на актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 175/9 Претседател на Совет на
28.02.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Програма за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/8 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 11 и член 142 став 5 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Демир

Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки но и активности, со кои се спречуваат или надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на општините од областа на социјалната заштита се реализира со годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани кои имаат потреба од помош за да се надмине состојбата која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на поединецот или семејството.

**I. ЦЕЛИ**

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува активностите на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита да бидат насочени кон остварување на следните приоритетни цели:

- Обезбедување на рационално и ефикасно задоволување на потребите и интересите на населението на Општина Демир Капија во областа на социјалната заштита, во рамките на буџетските можности;
- Зајакнување на соработката со релевантните институции ЦСР Неготино, АВРСМ, образовните институции, во насока на намалување на социјалните и здравствените проблеми со кои се соочува населението во Општина Демир Капија;
- Зајакнување на јавната свест за потребата од поддршка на решавање на социјалните проблеми во општината;
- Подобрување на стандардот на населението и нивото на здравствената едукација.

**II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

**II.1 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјална сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА КОИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВААТ ВО ТЕКОТ НА 2025 ГОДИНА**

**1. Еднократна парична помош**

Еднократна парична помош се доделува на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар), на лице или член на семејството кое има потреба од оперативен зафат или лекување во здравствена установа.

Правото на еднократна парична помош се остварува со поднесување на барање до Советот на Општина Демир Капија со прилог на потребна документација:

- копија од важечка лична карта;
- записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар);
- медицинска документација за лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа);
- решение од надлежен центар за социјална работа;

За секое поединечно барање надлежната комисија се изјаснува со одобрување или неодобрување со предлог за висината на одобрениот износ. Врз основа на позитивното

мислење од надлежната комисија, Советот донесува решение за одобрување на еднократна парична помош.

- Износот на еднократна парична помош изнесува најмалку 3.000 денари.

Ова право е уредено со Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.1/2010).

**2. Помош во натура**

Под помош во натура се подразбира обезбедување на облека, исхрана и други средства неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството.

Општината во соработка со невладини организации и здруженија на граѓани ќе организира хуманитарни акции за помош на социјално загрозените лица (собирање на облека, храна, покуќнина и сл).

**3. Проект "Општинско корисна работа"**

Веќе неколку години се спроведува проект во соработка со UNDP преку кој се овозможува обука на невработени лица за здобивање со стручни квалификации за вршење на одредени работи и задачи, а истиот се планира да продолжи и оваа година. Преку оваа социјална услуга директно се обезбедува помош и можност за вработувања на маргинализираните лица на територијата на општината. Преку работното ангажирање невработените лица се стекнуваат со вештини и работно искуство, со што во иднина ќе можат полесно да се вклучат во пазарот на трудот.

Потребните средства за реализација на овој проект ќе се обезбедат преку UNDP (80%) и од Буџетот на општината за 2025 година (20%).

**4. Проект "Јавни работи"**

Веќе неколку години се спроведува проект во соработка со Агенцијата за вработување за работно ангажирање на невработени лица за вршење на јавни работи, а истиот се планира да продолжи и оваа година. Преку оваа услуга општината врши работно ангажирање во јавни сезонски работи на невработени лица со ниски квалификации и приматели на социјална помош.

Потребните средства за реализација на овој проект ќе се обезбедат од АВРСМ (80%) и од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година (20%).

**5. Проект "Народна кујна"**

Веќе неколку години се спроведува проектот "Народна кујна" во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Неготино и ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија, со кој се обезбедува топол оброк за лица со социјални проблеми. Корисници на оваа услуга се приматели на социјална помош и лица во социјален ризик.
На овој начин се овозможува подобрување на квалитетот на животниот стандард на оваа социјално ранлива категорија на лица.

Потребните средства за реализација на овој проект ќе се обезбедат од МСПДМ и од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година.

**6. Проект за подобрување на социјалните услуги "Услуга помош и нега во домот"**

Услугата обезбедува помош во вршење на основни активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

Услугата помош и нега во домот Општина Демир Капија ќе ја спроведува преку лиценциран давател на социјални услуги, а потребите средства за реализација на овој проект ќе се обезбедат од МСПДМ и од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година.

**7. Проект "Сензорна соба"**

За помош и поддршка на учениците со попреченост детектирана е потребата од опремување на просторија со сензорно визуелни елементи во основното училиште или како посебна просторија во дневен центар, со што ќе се овозможи простор за поттикнување на психо-моторниот развој на учениците со попреченост и на децата од предшколска возраст каде се намалува или засилува стимулацијата на одредено сетило во зависност од дијагнозата.
Овој проект ќе придонесе за суштинска вклученост на учениците со попреченост во

редовните училишта и подобрување на пристапноста и инклузивноста на училиштата.
Со опремувањето на сензорна соба ја подигаме свесноста за создавање заедница во која сите деца ќе имаат еднакви можности за раст и развој.

**8. Центар за здраво и активно стареење**

Центарот за активно и здраво стареење ќе има за цел кон зголемување и унапредување на здравјето и социјалната благосостојба на старите и возрасни лица. Преку имплементирање на посебна програма за работа на центарот за здраво и активно стреење ќе се овозможи имплементација на содржини кои придонесуваат за активно учество и одржување на вештини и потенцијалите на старите и возрасни лица, услуги за обезбедување поддршка во заедницата; промовирање на здрави животни стилови, социјализација, спроведување и адаптирање на програмските активности согласно нивните потреби, одржување на физичкото и менталното здравје и намалување на појавата на деменција, обезбедување на повисок квалитет на живот во заедницата, меѓугенерациска соработка во заедницата.

За воспоставување на оваа услуга ќе се обезбеди простор во сопственост на општината и истиот ќе биде опремен според потребите за имплементирање на програмата на центарот за здраво и активно стареење.

**9. Новогодишни/социјални пакети** за лица од социјално ранливи категории и корисници на "Народна кујна".

Оваа активност е предвидена за лица корисници на гарантирана минимална помош и народна кујна и се жители на Општина Демир Капија.
Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Неготино, на барање од општината ќе достави список на лица кои можат да го остварат ова право.

**10. Новогодишни пакетчиња за деца од семејства во социјален ризик**

Оваа активност е предвидена за деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и се жители на Општина Демир Капија.
Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Неготино, на барање од општината ќе достави список на лица/деца кои можат да го остварат ова право.

## II.2 ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Помеѓу надлежностите на Општината од областа на заштита на децата се вбројува и давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата, како и згрижување и воспитание на децата.

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА КОИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ТЕКОТ НА 2025 ГОДИНА СЕ СЛЕДНИТЕ:**

**1. Еднократна парична помош за новородено дете**

Општината ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца и тоа:
- Еднократна парична помош за првото дете родено во Новата година и
- Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2025 година.

Право на еднократна парична помош за новороденче родено на територијата на Република Северна Македонија има еден од родителите со постојано место на живеење во Општина Демир Капија.

Еднократната парична помош изнесува:
- **10.000 денари, за првото дете родено во Новата година,**
- **6.000 денари, за секое новородено дете и**
- **15.000 денари, во случај кога мајката ќе роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе).**

Градоначалникот на Општина Демир Капија донесува Решение за одобрување на еднократна парична помош за новороденче врз основа на претходно поднесено барање (во рок од 90 дена од раѓањето на детето) од еден од родителите на детето.
Барателот кон барањето е должен да достави:
- копија од лична карта од родителите,
- копија од извод од матична книга на родените (за новороденчето) и
- копија од активна трансакциска сметка на еден од родителите.

На овој начин освен што се помагаат семејствата и се поттикнува наталитетот, општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени

деца во општината.

**2. Субвенционирање на престој во јавната детска градинка на деца од семејства од социјален ризик**

Покрај правото на партиципација, кое претставува ослободување на дел од цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца уредено со Правилникот за поблиските критериуми и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца, Општина Демир Капија во 2025 година ќе субвенционира и целодневен престој во јавната детска градинка на деца од семејства во социјален ризик.

Правото за субвенционирање на престој се остварува за дете кое е редовно запишано и посетува градинка, а е од семејство од социјален ризик.

Правото за субвенционирање на престој се оствапува со поднесување на барање до Советот на Општина Демир Капија со прилог на потребна документација:

- копија од важечка лична карта на подносителот на барањето;
- копија од извод на матична книга на родени на детето;
- доказ за докажување на состојбата на социјален ризик (медицинска документација, решение од надлежен центар за социјална работа, потврда за невработеност и др.);

**3. Субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение во учебната 2025/2026 година во општинското основно училиште**

Со цел олеснување на почетните трошоци за учениците во семејствата, Советот на Општина Демир Капија донесува одлука за доделување на еднократна прична помош за семејства што имаат прваче.

Право на субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение, имаат родителите на сите ученици запишани за прв пат во општинското основно училиште во Општина Демир Капија во учебната 2025/2026 година.

За остварување на правото на субвенционирање се поднесува барање до Општина Демир Капија со прилог на следните документи:

- потврда за запишан ученик во прво одделение за прв пат во учебната 2025/2026 година, заверена од основното училиште;
- копија од извод од матична книга на родените (за првачето);
- копија од важечка лична карта или патна исправа од еден од родителите/старателите;
- копија од активна трансакциска сметка на родителот/старателот од кој е приложена копија од лична карта или патна исправа;

**4. Продолжен престој во основното училиште –** се планира во основното училиште да се организира продолжен престој на ученици за учебната 2025/2026 година во согласност со годишната програма за работа на училиштето.

Потребата од организирање на продолжен престој на учениците во одделенската настава е резултат на современиот семеен живот, во кој работните обврски на двајцата родители/старатели и на самохраните родители поставуваат зголемени барања кон училиштето како примарна воспитно-образовна установа.

Оваа мерка треба да одговори на задоволување на потребите на родителите од организирано згрижување на учениците по завршувањето на редовната настава, а се однесува на учениците од одделенската настава од исти или различни одделенија, при што процесот на учење се надополнува со вонваставни активности.

За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности согласно програма за продолжен престој.

**5. Стипендии за ученици и студенти**

Општината согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на општински стипендии на ученици и студенти во Општина Демир Капија, врз основа на јавен повик доделува

- 3 (три) стипендии на ученици од III и IV година во средно образование
- 3 (три) стипендии на редовни студенти запишани на прв циклус студии на државни факултети во РСМ, со завршена најмалку една година од студиите во високото образование

Висината на стипендиите изнесува:
- 2.000 денари за ученици месечен износ во времетраење од 9 (девет) месеци и
- 3.000 денари за студенти месечен износ во времетраење од 9 (девет) месеци.

Притоа општината за првенец на генерацијата

за учебната 2024/2025 во ООУ Димче А.Габерот, ќе исплати надоместок во висина од 6.000 денари.

**II.3 ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО**

Во поглед на надлежностите во сферата на здравствената заштита на територијата на општината, активно ќе се вклучиме во промовирањето на здрави стилови на живеење, подигнување на јавната свест и здравствената култура со цел намалување на опасностите и здравствените проблеми кај граѓаните.

Општината ќе поддржи проекти кои ќе се однесуваат на промоција и унапредување на правата на пациентите, поддршка на кампањи за подигнување на јавната свест за сопственото здравје, ќе ги информира граѓаните за состојбата на евентуални заразни болести на територијата на Општината и секако ќе се вклучи активно во организирање на трибини и советувања од областа на здравствената заштита.

**1. Здравствено воспитување на населението преку организирање на едукативни предавања/работилници**

**2. Поддршка на здруженија кои ќе организираат одбележување на значајни датуми од областа на здравјето**

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2025 ГОДИНА

| Ред. бр. | Активност | Цели | Финансиски средства (сума изразена во МКД) | | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет на општина | Други извори | |
| 1. | **Еднократна парична помош** | Финансиска поддршка на лица кои се нашле во положба на социјален ризик | 400.000 | / | Број/процент на мажи/жени кои добиле еднократна парична помош |
| 2. | **Помош во натура** | -Подигање на свеста на населението за потребната помош и поддршка на ранливото население;<br>-Организирање акции за обезбедување на хуманитарна помош за ранливо население;<br>-Обезбедување на донации за помош во храна, средства, облека и друг вид на неопходна помош; | / | | Број на организирани акции<br>Број на лица/семејства кои добиле помош<br>Број на мажи/жени вклучени во организацијата |
| 3. | **Проект "Општинско корисна работа"** | -Работно ангажирање на невработени лица со цел да се стекнат со вештини и работно искуство;<br>-Вклучување на невработени лица на пазарот на трудот; | 250.000 | 495.000 | Број на невработени мажи/жени ангажирани во ОКР |
| 4. | **Проект "Јавни работи"** | Работно ангажирање на невработени лица со ниски квалификации и примател на социјална помош | 300.000 | 96.000 | Број на невработени мажи/жени ангажирани во јавни работи |
| 5. | **Проект "Народна кујна"** | Подобрување на квалитетот на животниот стандард на социјално ранлива категорија на лица | 100.000 | 341.640 | Број на мажи/жени кои добиле топол оброк |
| 6. | **Услуга помош и нега во домот** | Овозможување на лицето на продолжи да живее во сопственииот дом и избегнување од сместување во установа | 150.000 | 11.088.000 | Број на мажи/жени на кои е испорачана услугата (крајни корисници) |
| 7. | **Проект "Сензорна соба"** | Инклузивност во образовниот процес, сите деца се вклучени и прифатени.<br>Помош на учениците со потешкотии во учењето, развојни нарушувања или сензорни нарушувања да научат да комуницираат со светот околу нив, но во безбедна средина која им ја зголемува самодовербата и нивните способности | 100.000 | | Број на машки/женски ученици со попреченост |
| 8. | **Центар за здраво и активно стареење** | Можност за активен квалитетен и здрав живот и во третата доба преку поголема социјализација | 300.000 | / | Број на мажи/жени активни пензионери |
| 9. | **Новогодишен/социјален** | Помош на ранливи категории | 30.000 | / | Број на лица/семејства кои |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **пакет** | | | | добиле социјален пакет |
| **10.** | **Новогодишни пакетчиња** | Еднакви можности за сите | 30.000 | / | Број на машки/женски деца кои добиле новогодишно пакетче |
| **11.** | **Еднократна парична помош за новородено дете** | -Парична помош за семејства што имаат нов член;<br>-Евиденција на новородени деца во Општина Демир Капија на годишно ниво; | 200.000 | / | Број на поднесени барања<br>Број на новородени машки/женски деца |
| **12.** | **Субвенционирање на престој во детска градинка** | Помош и поддршка на родителите и создавање услови за вклучување на сите деца во градинка | 100.000 | / | Број на машки/женски деца кои ја искористиле мерката |
| **13.** | **Субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение** | Парична помош на родители кои имаат запишано ученик во прво одделение, со цел олеснување на почетните трошоци за учениците во семејствата | 150.000 | / | Број на поднесени барања<br>Број на машки/женски првачиња |
| **14.** | **Продолжен престој во основното училиште** | Задоволување на потребите на родителите од организирано згрижување на учениците по завршувањето на редовната настава | | | Број на машки/женски ученици |
| **15.** | **Стипендии за ученици и студенти** | Финансиска помош и поддршка на ученици и студенти | 141.000 | / | Број на машки/женски ученици/студенти кои поднеле барање<br>Број на машки/женски ученици/студенти кои добиле стипендија |
| **16.** | **Едукативни предавања/работилници** | Здравствена едукација на населението | 10.000 | | Број на мажи/жени кои учествувале на предавања |
| **17.** | **Поддршка на здруженија за одбележување на значајни датуми** | Подигање на свеста за здравјето и прилика да се привлече внимание за здравствените проблеми со кои се соочуваат луѓето | 10.000 | | Број на организирани настани<br>Број на мажи/жени присутни на настани |
| | | **ВКУПНО** | **2.271.000** | **12.020.640** | |

Број 08 – 175/10
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Програма за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/9 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 28.02.2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

## I.ВОВЕД

Врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Демир Капија има законска обврска за воспоставување на еднакви можности на мажите и жените во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот.

Комисијата за еднакви можности функционира како постојано работно тело во Општина Демир Капија и е формирана за да го имплементира и промовира Законот за еднакви можности на жените и мажите, на локално ниво.

Програмата е направена врз основа на предходна анализа и согледувања на проблемите со кои се соочуваат жените, младите и ранливите групи на население во општината.

### Демографски податоци

Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на областа Тиквешија. Низ Демир Капија тече реката Бошава којашто се влева во реката Вардар. Се наоѓа на 115 метри надморска височина.
Главната стопанска гранка во градот и околината е земјоделството особено одгледувањето на винова лоза, житни култури, градинарски култури (црвена пиперка) и тутун.

Вкупно попишани, вкупно резидентно население и вкупно нерезидентно население, според етничката припадност и пол

| Етничка припадност | Вкупно попишани | | | Вкупно резидентно население | | | Вкупно нерезидентно население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Вкупно** | **3.937** (100 %) | **2.034** (100 %) | **1.903** (100 %) | **3.777** (100 %) | **1.949** (100 %) | **1.828** (100 %) | **160** (100 %) | **85** (100 %) | **75** (100 %) |
| **Македонци** | **3.208** (81.48%) | **1.655** (81.37%) | **1.553** (81.61%) | **3.076** (81.44%) | **1.584** (81.27%) | **1.492** (81.62%) | **132** (82.50%) | **71** (83.53%) | **61** (81.33%) |
| **Албанци** | **14** (0.36 %) | **1** (0.05 %) | **13** (0.68 %) | **14** (0.37 %) | **1** (0.05 %) | **13** (0.71 %) | - | - | - |
| **Турци** | **397** (10.08%) | **217** (10.67%) | **180** (9.46 %) | **376** (9.95 %) | **208** (10.67%) | **168** (9.19 %) | **21** (13.13%) | **9** (10.59%) | **12** (16.00%) |
| **Роми** | **38** (0.97 %) | **21** (1.03 %) | **17** (0.89 %) | **37** (0.98 %) | **20** (1.03 %) | **17** (0.93 %) | **1** (0.63 %) | **1** (1.18 %) | - |
| **Власи** | **2** (0.05 %) | **2** (0.10 %) | - | **2** (0.05 %) | **2** (0.10 %) | - | - | - | - |
| **Срби** | **133** (3.38 %) | **68** (3.34 %) | **65** (3.42 %) | **130** (3.44 %) | **66** (3.39 %) | **64** (3.50 %) | **3** (1.88 %) | **2** (2.35 %) | **1** (1.33 %) |
| **Бошњаци** | **1** (0.03 %) | - | **1** (0.05 %) | **1** (0.03 %) | - | **1** (0.05 %) | - | - | - |

## II. ЦЕЛ на Програмата

КЕМ се залага за креирање на локални политики и зголемување на свеста кај граѓаните за воспоставување на родово сензитивните политики за еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, здравствената и во други области од општествениот живот. Креирање на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, подигнување на свеста на граѓаните за родово сензитивните политики преку кои се зголемува еднаквоста на жените и мажите. Создавање

институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, еднакви можности на жените и мажите во сите области на секојдневното живеење на локално ниво.

**III ЗАДАЧИ**

Вклучување на родовите перспективи во главните текови, односно интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, при што се има предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите. Инклузија на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите за жените и мажите во секоја планирана акција, вклучително и законската легислатива, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа. Припадниците на двата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и на програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

**Области на дејствување на КЕМ:**

- Промоција на родова еднаквост и создавање услови за потполна еднаквост на мажите и жените
- Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите за рамноправно учество на жените во јавниот и политичкиот живот на локално ниво
- Борба против стереотипите, предрасудите и подигање на свеста за родова еднаквост.
- Поттикнување на девојчињата за земање учество во спортот
- Поттикнување на жените за вклучување во земјоделското стопанство.
- Зајакнување на соработката помеѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со граѓанските невладини организации (НВО) на локално и национално ниво.

**Промоција на родова еднаквост и создавање услови за потполна еднаквост на мажите и жените**

Воспоставувањето на еднаквите можности на жените и мажите се уредува со законот за еднакви можности на жените и мажите, со кој се уредуваат прашања од интерес за еднаквите можности на жените и мажите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, социјалната заштита, пристапот до добра и услуги, економијата, работните односи и вработувањето, образованието и стручното усовршување, економските и сопственичките односи, користењето на јавните производи и услуги (потрошувачки права), културата и спортот, информатичко комуникациски технологии, одбраната и безбедноста, правосудството и управата, домувањето, јавното информирање и медиумите, државната и јавната администрација и во други области од општественото живеење.
КЕМ врз основа на претходно обработени податоци за родовата еднаквост, ќе организира обуки за согледување на реалната состојба и создавање услови за потполна еднаквост на мажите и жените.

**Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите за рамноправно учество на жените во јавниот и политичкиот живот на локално ниво**

Една од целите на законот за еднакви можности на мажите и жените е воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката област.
Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Учеството на жените во политиката во нашето општество уште е тема за која постојат предрасуди. Имаме напредок во однос на застапеноста на жените во јавниот живот, но затоа што треба уште работа на тоа поле, КЕМ ќе организира работилници и обуки со цел подигнување на свеста за рамноправно учество на жените во јавниот и политичкиот живот.

Податоци од спроведено истражување во општина Демир Капија

Јавни установи и претпријатија

| Претпријатие | Вкупно | Мажи | Жени | % Мажи | % Жени |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈОУДГ Борис Трајковски | 21 | 1 | 20 | 5% | 95% |
| ООУ Димче А Габерот | 56 | 19 | 37 | 34% | 66% |
| ОУ Мирка Гинова | 7 | 4 | 3 | 57% | 43% |
| ЈКП Бошава | 27 | 23 | 4 | 85% | 15% |
| ЈУ Специјален завод | 136 | 31 | 105 | 23% | 77% |

Родовата анализа претставува проучување на различните улоги на жените и мажите со цел да се разбере што прават, со какви ресурси располагаат и кои се нивните потреби и приоритети во специфичен контекст.

Главни цели на родовата анализа се следните:

- Утврдување на родовата рамноправност на позициите на донесувачи на одлуки на локално ниво;
- Утврдување на постоечките родови стереотипи во поставувањето на позиции на донесувачи на одлуки на локално ниво;
- Утврдување на земањето во предвид на специфичните потреби на мажите и жените при креирањето на општинските програми;
- Утврдувањето на планирањето и собирањето на родово разделени податоци за корисниците на програмите;
- Утврдување на планирањето и имплементирањето на родово одговорни буџети;

**Родова анализа на лидерски позиции во општина Демир Капија**




Од вкупно анализирани 66 лидерски позиции, на 44 се жени и 22 мажи. Жените се застапени со 67% на позициите на донесувачи на одлуки во општината, што ја прави родово рамноправна во лидерските позиции, но сепак постојат родово стереотипни работни позиции.

**Поттикнување на жените за вклучување во земјоделското стопанство.**

Координаторот и заменик-координаторот за еднакви можности на Општина Демир Капија откако од Агенцијата за вработување на РСМ ќе ја добијат листата на невработени лица од Општина Демир Капија ќе организираат обука за запознавање на невработени лица (жени) со програми и проекти од областа на земјоделското стопанство. Обуката би се реализирала со присуство на предавачи (лица од АВРМ) кои имаат познавање од областа и во периодот кога се активните мерките за поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство и во соработка со ОССЗ.

**Борба против стереотипите, предрасудите и подигање на свеста за родова еднаквост.**

Уште сме под влијание на родовиот стереотип дека улогата на жената е да се грижи за домот и семејството. Економски и политички текови, споделените обврски и улога со мажите во семејството, домот и општеството, како и еднаквите можности, за што со децении вложувавме, се намалуваат и можат да исчезнат. Во нашето општество улогата на жената е да се грижи за домот и за семејството. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во соработка со професионални предавачи што работат на полето на насилство, ќе организира работилници и обуки за подигнување на свеста кај населението за родовата еднаквост.

**Што се однесува до пазарот на трудот, повеќето жени во општина Демир Капија се неактивни**



### Поттикнување на девојчињата за земање учество во спортот

КЕМ со организирање на актавности за учениците од основно и средно образование ќе се залага за зголемување на интересот за спорт кај најмладите, ученичките од основните и средните училишта. Земајќи ги во предвид предизвиците и родовите стереотипи со кои се соочуваат македонските спортистки и за родовата (не)еднаквост во спортот, ќе се разговара за зголемување на бројот на жените во спортот и во спортскиот сектор.

### Зајакнување на соработката помеѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со граѓанските невладини организации (НВО) на локално и национално ниво

Во Општина Демир Капија од големо значење би било спроведувањето на проекти за зајакнување на жените и градење на локалните капацитети за женските прашања.
Преку соработка со НВО на национално и локално ниво КЕМ би организирала обуки и работилници за наоѓање, конкурирање и учество во проекти на локално и национално ниво за унапредување на родовата еднаквост во сите аспекти.

## IV. АКТИВНОСТИ

| ПРОБЛЕМ | ПЕРИОД | ЦЕЛ | АКТИВНОСТИ | ПОКАЗАТЕЛИ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ИНДИ. УСПЕШНО. | ЦЕНА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Грижа за женското здравје/ женските болести | Во текот на 2025г | Поттикнување на жената за редовни прегледи | Трибина на тема Превенција, откривање и лекување на женски болести | Организирање трибини<br>Информативни флаери | Доктор Гениколог, КЕМ, Координатор и заменик координатор за ЕМ | 15-20 жени | 20. 000 денари |
| Недоволно познавање на Законот за еднакви можности на жените и мажите и правата и можностите кои произлегуваат од овој закон | Во текот на 2025г | Прогрес на родовата еднаквост и недискриминација на локално ниво | Организирање на трибина за запознавање со правата и можностите кои произлегуваат од Законот за ЕМ на жените и мажите | Организирање трибина, | Правници, КЕМ, НВО, Координатор и заменик координатор за ЕМ | 10 мажи, 10 жени | 20.000 денари |
| Вклучување на жените во земјоделското стопанство | Во текот на 2025г | Информирање за можностите и условите за вклучување во земјоделското стопанство | -Трибина на тема ,,Жената земјоделец и менаџер,, | Организирање трибина<br>Организирање на работилници | Претставник од АВРМ и од подрачна единица на министерството за земјоделие, КЕМ, Координатор и заменик за ЕМ | 15 жени | 10. 000 денари |
| Вклучување на жените во јавниот и политичкиот живот | Во текот на 2025г | Едукација на млади мажи и жени со цел зајакнување на нивните вештини за личен раст и развој | Трибина-Жените во политиката | Организирање на трибина | КЕМ, Координатор и заменик за ЕМ | 15 жени | 15. 000 денари |
| Влијанието на стереотипите врз родовата еднаквост/ родово базирано насилство | Ноември /Декември 2025г | Отстранување на штетните практики и размислувања кои ја оневозможуваат родовата еднаквост | Трибина на тема – 16 дена активизам родово базирано насилство Влијанието на стереотипите и развивање на свеста за родова еднаквост | Организирање на трибина | Претставник од регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано насилство, МВР, Центар за социјална работа и КЕМ | 10 мажи,10 жени | Финансиско учество на општината во регионалниот центар |
| Организирање на средби на територијата на општина Демир Капија и населените места | Во текот на 2025г | Презентација на регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано насилство | | Средби со жени во Демир Капија и населените места (најмалку 3 средби) | Претставник од регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано насилство | 15-30 жени | Финансиско учество на општината во регионалниот центар |
| Поголема застапеност на девојчињата во спортот | Во текот на 2025г | Формирање женски екипи и поголема застапеност на женски спортови | Работилници со ученици и тренери, мерки за поголема застапеност на девојчињата во спортот | Организирање работилници<br>Информативни флаери | КЕМ, наставник од основното училиште, координатор и заменик за ЕМ | 15 женски | 20. 000 денари |

За реализација на целите на Програмата, Општина Демир Капија ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително и граѓански организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Општината учествува со 82,738 денари за активностите на регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жени и деца жртви на родово базирано насилство, а за останатите активности вкупните финансиски средства се во износ од 85,000 денари.

## V. МЕТОДИ НА РАБОТА

- Организирање јавни настани/трибини заради спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите.
- Работилници организирани од КЕМ во соработка со експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др
- Истражувачко аналитички методи - ќе се користат при анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи)
- Информирање на граѓаните преку рекламни материјали, предавања, советувања и информативни флаери.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 300.000.00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година. За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Демир Капија.

## VII. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Демир Капија ќе го следи текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Секторот за еднакви можности при Министерството за социјална политика, демографија и млади, од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 175/11
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2025 година**

Се објавува Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/10
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), член 12 став 1 и член 14 став 2 и 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Сл.весник на Р.М. бр.66/2004,139/08,99/09,86/11,149/14,150/15,37/16 и 257/20), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Демир Капија за 2025 година**

**I .*Вовед***

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки, целите, планираните активности, финансирањето и извршителите над спроведувањето на програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Демир Капија за 2025 година.

**II. *Стратегиска цел на програмата***

Заради заштита на населението во Општина Демир Капија од заразни болести, потребно е да превземеме соодветни општи мерки во текот на 2025 година со цел спречување, рано откривање, спречувањето на ширење и сузбивање на заразните болести и на инфекциите.

**III. *Активности***

Во текот на 2025 година, Општина Демир Капија ќе ги превземе следните планирани мерки и активности:

**1.*Активности***

1.1. Мерки

1.1.1. Вршење на превентивна дезинсекција

1.1.2.Локација

Дезинсекција на територија на град Демир Капија, како и населените места -вкупен опфат 200 ха

- градежен реон како град Демир Капија, така и населените места во општина и по течението на реката Вардар и Дошница,

Ларвициден третман на застоени води против ларви од комарци вкупен опфат 2ха

Теристичната дератизација како и Ларвицидната дератизација се планира да биде 3 третмани

1.1.3.Планирани средства

Буџет на Општина Демир Капија

**1.2**. Мерки

1.2.1. Вршење на превентивна дератизација

1.2.2..Локација

Дератизација на канализација на населено место Демир Капија и други населени места каде што општината раководи со канализационите системи по ревизиона шахта

Планирано е да се извршат два третмани на дератизација на

- 150 шахти. Временска рамка на извршување - април, мај 2025 год.

1.2.3.Планирани средства

Буџет на Општина Демир Капија

**1.3** Мерки

1.3.1. Други хигиенско технички мерки на населените места и други јавни површини

1.3.2. Локација

Дезинсекција во основните училишта, јавни општински установи, јавни површини и други објекти

1.3.3.Планирани средства

Буџет на јавни општински установи

**2. *Активности***

2.1.1. Мерки

Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување

2.1.2. Локација

Водоводни системи во Демир Капија и населените места на општината чии водоводи се под надлежност на одржување на ЈКП Бошава

(Доколку настане превземање на други селски водоводи од страна на Ј.П.Бошава за истите ќе се обезбеди безбедна вода за пиење)

2.1.3.Планирани средства

Буџет на ЈКП Бошава

**3. *Активности***

3.1.1.Мерки

Обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти:

училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување други јавни установи

3.1.2. Локација

-ООУ„Димче А.Габерот “ Демир Капија и подрачните училишта

-ЈОУДГ„Борис Трајковски” Демир Капија

-ОУ Дом на култура „Мирка Гинова” Демир Капија

-ЈКП Бошава Демир Капија и др. јавни установи на општината

3.3.3. Планирани средства

Буџет на јавни установи и претпријатија

**4. *Активности***

4.1.1.Мерки

Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

4.1.2. Планирани средства (едукација)
- Дом на културата
- Сала за состаноци при општина Демир Капија
- ООУ„Димче А.Габерот“ Демир Капија

**5.** ***Активности***

5.1.1.Мерки

Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина

5.1.2. Локација

На територија на Општина Демир Капија

5.3. Планирани средства
- Општина Демир Капија
- Ј.К.П.Бошава Демир Капија

Сите планирани мерки и активности со оваа Програма ќе бидат реализирани во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон

**IV.*Финансирање на програмата***

Активностите утврдени со оваа програма кои се на товар на општина Демир Капија ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 300.000,00 денари а останатите од буџетите на јавните установи и претпријатија на територија на Општината.

**V.*Извршители на програмата***

Извршители на мерките и активностите предвидени со оваа програма ќе бидат најповолните понудувачи избрани по спроведени постапки, согласно законите на С.Р.Македонија, со кои се склучуваат договори.

**VI. *Завршни одредби***

Оваа програма влегува во сила 8(осмиот) ден од денот на објавување во „Сл. гласник на Општина Демир Капија”

Број 08 – 175/12
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на член во заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

Се објавува Решение за именување на член во заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/11
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а согласно член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 и "Службен весник на РСМ" бр.241/24), Советот на Општина Демир Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на член во заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

**1.** За член на заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион, од општина Демир Капија се именува:

- **Менча Петкова**

**2.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 175/13
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на

Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност за измена на Годишен план за вработување во 2025 година**

Се објавува Решение за давање согласност за измена на Годишен план за вработување во 2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/12 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 11 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на 43-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност за измена на Годишен план за вработување во 2025 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност за измена на Годишниот план за вработување во 2025 година во општинската администрација на општина Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Измената на годишниот план за вработување во 2025 година е составен дел на ова решение.

**2**. Измената на годишниот план за вработување во 2025 година се доставува на мислење до надлежното Министерството за јавна администрација.

**3**. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 175/14 Претседател на Совет на
28.02.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА – Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА – Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/13 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на XLIII-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Извештај за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА - Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година**

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Стационар ШЕПА – Кавадарци за период од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година бр.02-24/3 од 03.02.2025 година, усвоен од Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 03.02.2025 година.

2**.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/15
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/14
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на општина Демир Капија на XLIII седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен финансов извештај на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2024 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Годишниот финансов извештај (за сметка блок дотации и сметка за сопствени приходи) на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/16
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/15
03.03.2025 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето бр.08-126/1 од 03.02.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLIII-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **6.000,00 (шест илјади) денари** за иконостас во манастирче Св.Магдалена во с.Клисура.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година, Програма А00, потставка 464 990 - други трансфери, на сметка 200003894305455 на МПЦ-Успение на Пресвета Богородица – Демир Капија, со цел на дознака: за иконостас во манастирче Св.Магдалена и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/17
28.02.2025 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на

Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/16 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето бр.08-180/1 од 24.02.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLIII-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **60.000,00 (шеесет илјади) денари** за уредување на просторот околу црквата Св.Илија во с.Дрен.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, Програма А00, потставка 464 990 - други трансфери, на сметка 200003894305455 на МПЦ-Успение на Пресвета Богородица – Демир Капија, со цел на дознака: за набавка на бекатон плочки за црква Св.Илија во с.Дрен и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/18 Претседател на Совет на
28.02.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.02.2025 година.

Број 09 –202/17 Градоначалник на
03.03.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето бр.08-190/1 од 27.02.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на XLIII-та седница одржана на ден 28.02.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **250.000,00 (двесте и педесет илјади) денари** за санација на покрив на објект (кујна и крштелна) при Црква Успение на Пресвета Богородица Демир Капија.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2025 година, Програма А00, потставка 464 990 - други трансфери, на сметка 200003894305455 на МПЦ-Успение на Пресвета Богородица – Демир Капија, со цел на дознака: за санација на покрив и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 175/19 Претседател на Совет на
28.02.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.